**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 јули 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 17,31 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка.

Предлогот на законот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам почитуван претседателе.

Целта на донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за парничка постапка по итна постапка е да се зголеми ефикасноста на постапката, значи да се спречи злоупотребата на правата во постапката, преминувајќи нови одредби во врска со доставувањата и секако сето тоа иде во функција на остварувањето и поефикасното остварување на правата и слободите на граѓаните кога тие се обраќаат за остварување на тие права пред судовите со поднесување на тужби или платни налози или други покренувања на постапки во согласност со закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за парнична постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од нив 68 гласаа за, нема воздржани, 1 против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 69 пратеници, од нив 68 гласаа за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Пратениците Али Ахмети и Тахир Хани предлагаат по итна постапка да се донесе закон за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во заедниците на локалната самоуправа.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор господин Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници, во име на Демократската унија за интеграција ние предлагаме овој Предлог закон за официјална употреба на јазиците во Република Македонија, имајќи ги предвид политичкиот договор за владино коалицирање е подготвен еден предлог на закон за употребата на албанскиот јазик на ниво на централни органи и на ниво на единици на локална самоуправа. Овој закон се предлага да се донесе со забрзана итна постапка, бидејќи цениме дека треба што побрзо да се исполни и оваа точка од Охридскиот рамковен договор и да може да се спроведе и албанскиот јазик како службен јазик во Република Македонија. Се надевам дека владината коалиција ќе функционира со една доверба, ослободувајќи се од предрасудите од минатото за изградбата на една вистинска демократска држава. Ви благодрам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на предлагачите по итна постапка да се донесе закон за употреба на јазик што го зборуваат најмалкук 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници, сите 74 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот вкупно гласаа 74 пратеници, сите 74 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на предлагачите е усвоен.

Пратеникот Илија Китаноски предлага по итна постапка да се донесе закон за изменување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Го молам пратеникот Илија Китаноски да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор Илија Китаноски, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги.

Согласно коалицискиот договор, а во функција на промена на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија и тоа на одредбата на членот 16 со кој што е утврдено дека општините од членот 10 став 1 Другово, Вранештица, Осломеј и Зајас ќе функционираат на локалните избори 2008 од кога ќе станат составен дел на општината по член 10 став 1, тоа е општината Кичево, предлагам изменување на постојниот закон во смисла на пролонгирање и прецизирање на временскиот рок, значи 2008 година се заменува со 2012 година во кој одделните општини ќе функционираат како самостојни, а во 2012 година ќе станат составен дел на општината Кичево. Од ова што претходно го кажав сметам дека е неопходна потребата од итно донесување на овој закон и заради тоа што законскиот рок за новите локални избори е веќе помалку од 6 месеци и сметам дека ќе наиде на поддршка од останатите колеги. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на пратеникот Илија Китаноски по итна постапка да се донесе закон за изменување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници, сите 76 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По Предлогот вкупно гласаа 76 пратеници, сите 76 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на пратеникот Илија Китаноски е усвоен.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласаа 75 пратеници, сите 75 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

Вкупно гласаа 75 пратеници, сите 75 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дек предлогот е усвоен.

Според тоа, за седницата го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на закон за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.

2. Предлог на закон за изменување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за парничната постапка.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници, сите 74 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 74 пратеници, сите 74 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправата по точки од дневниот ред, ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратеници се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Листата на пратеници не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата, а кој е повикан да говори, го губи правото за збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави на истиот претрес.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на закон за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.**

Предлогот на законот Ви е поделен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеници, сите 75 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на законот вкупно гласаа 75 пратеници, сите 75 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 25 пратеници, сите 25 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија а кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

На седницата присуствуваат 25 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 25 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа.

**Минуваме на точка 2 - Предлог на закон за изменување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.**

Предлогот на законот Ви е поделен.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од Амандманот 16 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Има збор господин Пејковски Живко, повелете.

**Живко Пејковски:** Почитуван претседателе,

Јас ќе бидам краток во врска со двата предлози и доста концизен. Ќе спомнам дека кога ќе се има програма прифатена од двете страни и кога ќе се има визија за Македонија позитивно примена и кај едните и кај другите, а волјата кај Македонците и Албанците јасно изразена и на 1 и на 15 јуни, тогаш сигурен сум дека оваа ќе биде добра коалиција, затоа што само со здравите и машки договори за иднината на Македонија, здравата политика во економијата, здравството, земјоделството ќе бидат патокази за добри меѓуетнички односи за успех во сите сфери на живеење во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од Амандманот 16 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, сите 77 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на законот вкупно гласаа 77 пратеници, сите 77 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 23 пратеници, сите 23 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија а кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

На седницата присуствуваат 23 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 23 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка.**

Предлогот на законот Ви е поделен

Согласно точка 1 од Амандманот 25 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Сакам само неколку напомени во врска со измените и дополнувањата на Законот за парничната постапка.

Прво, измената што се предлага се однесува на зголемувањето на износот на вредноста на спорот по кој постапува судија поединец, кој износ се зголемува од 600 илјади на еден милион и 800 илјади денари, значи за три пати.

Потоа, се воведуваат одредби што се однесуваат на обезбедување на поефикасна достава на писмената, заради тоа што од досегашната практика се гледа дека најголем проблем претставуваше доставата во парничната постапка, со тоа што сега се предвидува во Законот доколку после два последователни обиди не се успее да се достави писменото на странката, тогаш писменото ќе се огласи на огласната табла на судот и после протекот на рокот од 8 дена ќе се смета дека доставата е уредно извршена.

Она што е новина во законот е воведување на електронска достава преку сигурносно електронско сандуче која што е наведена во одредбите од Законот, но согласно преодните одредби од Законот овие одредби ќе се применуваат после една година од денот на влегување во сила на законот, со оглед на тоа што треба да се вршат подготовки за примената на овие одредби.

Трета работа која што исто така е од посебно значење тоа е обврската што ја предвидува членот 146 од Законот при поднесувањето на тужбата да се плати и судската такса. Меѓутоа, се случува често да се поднесе тужба, да не се плати судската такса, поради тоа што голем број на предмети стојат заведени во судовите и се водат во судската статистика долговреме нерешени спорови.

Сега, со измените во Законот во членот 146 се додава нов став 3 кој предвидува дека тужителот ако не ја плати судската такса во рок од 15 дена од денот на поднесување на тужбата, тужбата ќе се смета за повлечена и ќе се избрише од судската евиденција.

Истото се однесува и за споровите од мала вредност, односно издавањето на платен налог. Значи, и тука јас сум бил пред неколку дена сведок каде што се доцни со 1000, 2000, 3000, платни налози, тужби за издавање на платен налог, каде што не се плаќа такса.Судот создава трошоци со тоа што пишува ургенции, се обраќа до странките, се предизвикуваат непотребни трошоци, иако обврската е да се плати судската такса со денот на поднесување на тужбата. Исто и тука се предвидува доколку во рок од осум дена од денот на поднесувањето на тужбата ако не се плати судската такса, тужбата ќе се смета за повлечена.

Значи, тоа се најзначајните одредби што се предвидуваат во Законот за парничната постапка, кои што имаат за цел да обезбедат поефикасно спроведување на постапката и да оневозможат одредено искористување, пречекорување или злоупотреба на правата во постапката. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници, за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 25 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Барам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата, за да видиме дали има услови за гласање по овој закон.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Со оглед на тоа дека има 76 пратеници, нема услови да се помине на гласање на двотретински закон, кои што согласно уставот треба да се гласа, ја прекинувам работата по оваа седница и дополнително ќе биде закажана оваа седница и точката од оваа седница.

Свикувам координација со координаторите на пратеничките групи и продолжуваме за половина час со следната седница.

Има нов Деловник и во новиот Деловник убаво си пушува дека претседателот на Собранието одредува кога после 18,00 часот се работи. Таму точно пишува. Имате тука и допис.

Во 18,30 часот продолжуваме со 14-та седница.

Свикувам координација со координаторите на пратеничките групи.

(Седницата прекина со работа во 17,57 часот)